# Да се биде член на семејството Sütaş

## Нашата мисија и визија

## Нашите вредности

## Нашата политика на деловно однесување

## Нашиот Кодекс на етичко однесување

# Содржина


Порака од претседателот на Управниот Одбор

Порака од Комисијата за етика

Нашата мисија и визија

Нашите вредности

Нашата политика на деловно однесување

Нашиот Кодекс на етичко однесување

Кодекс на етички процедури

Пријавување и доверливост

# Порака од претседателот на Управниот Одбор

Почитувани членови на семејството Sütaş,

Привилегирани сме што со страст го работиме она што го сакаме и во кое веруваме. Уникатната природа на нашиот бизнис е подарок за сите нас.

Не само што сме познати поради нашите деловни резултати и големина, туку сме и ценети поради нашите искрени напори да ги споделиме благодетите на млечните производи. Затоа, Sütaş се нарекува “Млекарата на Турција”. Каква чест!

Драги колеги,

Заедно работевме напорно, жртвувавме многу, и ги надминувавме тешкотиите, за да ја заслужиме честа да бидеме “Млекарата на Турција”.

Нашите вредности не држеа заедно и ни го покажаа патот да го пронајдеме доброто и правилното. Поседувањето на овие вредности ни овозможија да бидеме упорни во нашите одлуки и однесувања. Нашето доследно однесување, помешано со традиционалните и модерните вредности ги обликуваа нашите деловни политики, како и нашата етика.

Нашата култура е најголемото наследство кое ќе им го пренесеме на идните генерации. Затоа, нашиот прирачник “Да се биде член на семејството Sütaş” е исклучително важен и вреден.

Верувам дека Sütaş, која е семејство на добри луѓе, добри граѓани и добри производители на млеко, ќе продолжи да биде модел за општеството.

Искрено

Muharrem Yılmaz
Претседател на Управниот Одбор

# Порака од Одборот  за етика

Почитувани колеги,

Прирачникот "Да се биде член на фамилијата на Sütaş" е креиран за да ја сподели нашата корпоративна култура, така што сите членови на нашето постојано растечко семејство јасно ќе ја разберат, ќе ја прифатат и ќе ја претставуваат компанијата Sütaş.

Нашите долготрајни вредности и работни принципи се извор на овој прирачник. Тој ја опфаќа нашата мисија, визија и вредности, политики за деловно и етичко однесување кои го дефинираат нашето однесување.

Целосното усвојување на нашата корпоративна култура е клуч за создавање на деловна средина каде луѓето се почитуваат, веруваат едни со други и напредуваат. Тоа сигурно ќе ни донесе успешна иднина.

Искрено,

Одбор за етика

# Нашата
# мисија и визија

# Нашата мисија

Со цел да обезбедиме природни и вкусни млечни производи кои ќе го подобрат квалитетот на животот на луѓето и ќе им донесат здравје и среќа, ние го управуваме и развиваме синџирот на млечни вредности -од фарма до трпеза- и ресурсите кои ни се доверени на најефикасен начин, со страст за споделување на благодетите и изобилството на млекото.

# Нашата визија

Да станеме најсаканиот бренд, корпорацијата со најголема доверба и водечка компанија.

# Нашите вредности

## Страст
Ние сме посветени и лојални на млечните производи.

## Доверба
Работиме со чесност, интегритет и транспарентност.

## Сопственост
Чувството на одговорност и лојалност кон нашата компанија ги води нашите активности. Ние ги штитиме вредностите на нашата компанија и нејзините интереси.

## Лидерство
Поседуваме храброст да водиме кон промени и иновации.

## Хуманизам
Ги цениме почитта, толеранцијата и лојалноста.

# Нашата политика на деловно однесување

# Постојано ја подобруваме нашата корпоративна структура, во согласност со нашите корпоративни принципи.

**(Правичност, транспарентност, доверливост, одговорност)**

• Ги почитуваме и дејствуваме во согласност со законите и прописите.

• Работиме на правичен и транспарентен начин, и сме одговорни за нашите постапки.

• Секогаш ги одржуваме нашите ветувања.

• Го почитуваме угледот на луѓето и доверливоста на личните податоци.

• Веруваме дека споделувањето на информации со тимот ја зголемува продуктивноста, го поедноставува деловниот живот и носи успех.

• Редовно обезбедуваме целосни, точни и разбирливи информации за нашите производи, работење и деловни резултати.

• Навремено обезбедуваме одговор на сите коментари и препораки од нашите вработени, добавувачи и потрошувачи.
• Не учествуваме во активности кои може да предизвикаат нелојална конкуренција.

# Нашата работа ја сметаме за општествена одговорност.

• Нашата мисија е да ги шириме благодетите на млечните производи и да работиме во согласност со тоа.

• Ја имаме одговорноста да бидеме производител на основна храна која има витална улога во физичкиот и психичкиот развој на идните генерации.

• Придонесуваме за подобрување на квалитетот на исхрана и животот на општеството преку обезбедување висококвалитетни млечни производи.

• Внимателно го управуваме целиот синџир на вредности од фарма до млеко, и од млеко до трпеза, со цел да ги споделиме благодетите и изобилието на млечните производи до поголем број на луѓе.

• Веруваме дека благосостојбата на нашите вработени, производителите на млеко и другите добавувачи е од компанија.

• Сите дејности “од трева до трпеза“ ги вршиме со свест на општествена одговорност.

# Постојано ја подобруваме нашата стручност, под водство на науката и технологијата, и се стремиме да бидеме експерти во се што работиме.

• Веруваме дека науката и технологијата мора да се користат за доброто на луѓето. Избегнуваме секакви практики кои би можеле да ја оштетат природата на нашите производи.

• Постојано го подобруваме квалитетот на нашите производи преку инвестиции во истражување и развој.

• Ја усвојуваме античката Анадолиска култура за млечни производи, и настојуваме да ги нудиме производите во согласност со современиот вкус преку зачувување на нивната природност.

• Веруваме дека производството на млеко е вештина која ја наследивме од нашите предци и тоа мора да биде поддржано и подобрено од страна на науката и технологијата.

# Веруваме дека креативноста и иновативноста се столб на нашиот одржлив раст.

• Веруваме дека иновацијата е клучна нишка која ги води корпорациите кон иднината. Затоа, го цениме знаењето и учењето, и постојано се подобруваме.

• Ги идентификуваме потребите на потрошувачите, развиваме креативни решенија, и нудиме иновативни млечни производи.

• Постојано ги подобруваме нашите производи, процеси и методи.

• Веруваме дека одржливиот раст е возможен само преку "иновации" и "подобрување".

## Користиме природни ресурси ефикасно и ефективно, со механизми за активно рециклирање.

• Во нашите одлуки ги земаме предвид долгорочните ефекти и резултати. Сакаме да бидеме сигурни дека нашата работа е социјално, еколошки и економски одржлива.

• Веруваме дека ефикасната и ефективната употреба на ресурсите и зголемената продуктивност се предуслов за постоењето на секоја компанија во иднина. Затоа, инвестираме во рециклирање и обновливи извори на енергија за да го вратиме она што сме го земале од природата.

• Ефикасно ги користиме човечките, природните и финансиските ресурси и постојано ги подобруваме истите.

• Вложуваме голем напор да развиеме взаемно разбирање со нашите вработени и добавувачи, во однос на заштеда, продуктивност и одржливост.

## Заедно целиме кон постигнување на единство во сите наши одлуки и пронаоѓање на вистински одговор.

• Дебатираме за тоа како би можеле да го подобриме нашиот бизнис, и добро да ја завршиме работата. Веруваме дека различните гледишта не збогатуваат.

• Веруваме дека ниеден човек не може да знае се; сепак, добрите членови на тимот можат да постигнат голем успех.

• Создаваме комуникациски канали за да добиеме мислења, забелешки и препораки од нашите акционери, и ја охрабруваме ефикасната употреба на овие канали.

• Учиме од нашите грешки, и ги користиме како алатка за подобрување.

# Го цениме растот и мотивацијата на нашите вработени.

• Веруваме дека корпорациите треба да бидат фер. Ние создаваме бизнис средина која се базира на взаемна доверба.

• Нашата политика е да обезбедиме еднакви можности во регрутација, вработување, обука, надомест, трансфер, промоција, престанок и сите други услови за вработување за сите лица. Го штитиме здравјето на нашите вработени и создаваме и нудиме безбедна работна средина.

• Се грижиме за личниот и професионален развој на нашите вработени, и го поддржуваме нивното образование.

• Ги оценуваме нашите вработени според нивните заслуги, квалификации и компетентност, без дискриминација на раса, пол, јазик и религија.

• Веруваме дека позитивна, наклонета и пристојна работна средина ја зголемува деловната продуктивност и ги мотивира вработените. Нема да дозволиме никому да ја уништи таквата работна средина.

# Посветени сме на етичките принципи.

• Веруваме дека етичките принципи се основа на нашата корпоративна репутација.

• Веруваме дека прифаќањето на етиката е предуслов за успешна иднина.

• Ги управуваме нашите процеси во согласност со Кодексот на етичко однесување.

• Нашите вработени ги гледаме како претставници на нашата компанија, и се грижиме тие да се во согласност со Кодексот на етичко однесување.

• Веруваме дека компаниите кои прифаќаат етички принципи можат да развијат благосостојба во општеството, и да создадат етичко општество.

**"Да се биде член на семејството Sütaş значи да се биде добра личност, добар граѓанин и добар производител на млеко"**

Muharrem Yılmaz

# Нашиот Кодекс на етичко однесување

# А. ЗАКОНИ И ПРАВИЛА

## Се придржуваме кон законите и процедурите на компанијата.

1

Посветени сме да ги почитуваме сите применети закони, правила и прописи кои се на сила во земјите во кои работиме.

2

Работиме во согласност со правилата, упатствата, процедурите и описите на работните места на нашата компанија.

3

Превземаме целосна одговорност за резултатите од бизнисот кој го работиме и со кој управуваме.

4

Ги чуваме и архивираме сите печатени и електронски записи, внимателно, точно, навремено и во согласност со законите и правилата.

5

Не даваме неточни информации, а нашите активности ги поддржуваме со точни информации и документи.

6

Обезбедуваме сигурно и ефикасно функционирање на системите за внатрешна контрола.

7

За она што не е регулирано со закон, ние работиме според рамките на етичкиот кодекс без жртвување на интересите и репутацијата на нашата компанија и ги заштитуваме правата на акционерите.

8

Доколку сме запознаени или се сомневаме дека постои повреда на овој Кодекс, веднаш пријавуваме до Комисијата за етика, дури и ако нашите менаџери се инволвирани во тоа.

# Б. КОНФЛИКТ НА ИНТЕРЕСИ

## Не дозволуваме нашите лични интереси да се натпреваруваат со интересите на нашата компанија.

1

Ја превземаме одговорноста на нашите одлуки и водиме сметка за нашите одговорности.

2

Не ги користиме името и моќта на нашата компанија за користење на лични интереси.

3

Не користиме материјални и нематеријални средства, или било кои други ресурси, вклучувајќи и стоки, опрема, возила, алат и компјутерски хардвер и софтвер на компанијата за сопствени или интереси на други луѓе.

4

Не профитираме од било какви активности на купување или продавање кои ги вршиме во име на компанијата.

5

Немаме корист од луѓето и компаниите со кои имаме деловна соработка, за нас, нашите семејства или роднини, преку злоупотреба на нашата сегашна позиција.

**6**

Не ги вклучуваме членовите на нашето семејство во односите со добавувачите и/или потрошувачите. Во исклучителни околности, треба да добиеме одобрение од нашиот менаџер, и да ја известиме Комисијата за етика во врска со ситуацијата.

**7**

Ја известуваме Одборот за етика за членовите од нашето семејство доколку работат во нашата компанија, со нашите потрошувачи и добавувачи, или во конкурентски компании.

**8**

Не ги откриваме нашите доверливи информации, ниту пак информациите кои би можеле да ги пекршат правилата на Одборот на конкуренцијата на членовите од нашето семејство и пријатели кои работат во конкурентските компании.

**9**

Не прифаќаме подароци, понуди за забави или било кои други бенефиции во вредност поголема од 2000 денари, кои можат да влијаат на нашата непристрасност, одлуки и однесувања. Никогаш не прифаќаме било каков подарок во форма на готовина или еквивалент на готовина.

**10**

Не даваме подароци на компании и лица со кои имаме деловен однос, освен доколку се работи за цвеќе кое го испраќаме на нашите партнери во специјални прилики, и деловни подароци.

**11**

Не се инволвираме во било какви должничко-доверителски односи со лица со кои имаме деловен однос.

12

Никогаш, директно или индиректно, не прифаќаме понуда на мито.

13

Не работиме за плата или слични бенефиции со други луѓе и/или компании во или надвор од работното време. Во исклучителни околности, добиваме одобрение од страна на претпоставениот менаџер.

14

Прифаќаме покани (семинари, обуки, натпревари / концерти, итн...) со кои ја претставуваме нашата компанија, само доколку посетеноста е одобрена од страна на претпоставениот менаџер.

15

Се воздржуваме од претставување на нашите лични ставови како ставови на компанијата.

16

Бараме одобрување од претпоставениот менаџер за да можеме да дадеме изјава за било која радиодифузна установа, за интервјуа и за учество во семинари и конференции како говорник. Не се здобиваме со лична корист од таквите активности.

17

Не користиме писма и е-пошта кои припаѓаат на компанијата за лични работи, или за да ги изразиме нашите лични ставови; не зборуваме и не пишуваме во име на компанијата без одобрување.

# В. ЗАШТИТА НА СРЕДСТВАТА НА КОМПАНИЈАТА

## Ги штитиме средствата на компанијата, и ги користиме ефикасно и ефективно.

1

Спречуваме загуба, штета, злоупотреба, ослабнување, трансфер на средствата на компанијата и не дозволуваме продажба или донација на овие средства без одобрување од страна на топ менаџментот.

2

Ги регистрираме интелектуалните права и иновации кои произлегуваат од работењето на компанијата. Се грижиме сите права на интелектуална сопственост од услуги од трети лица да бидат пренесени на нашата компанија.

3

Не трошиме време на приватни работи во текот на работното време, освен во ситуации кога тоа е неопходно.

4

Користиме алатки за комуникација, како е-пошта, телефон и интернет за лични работи привремено, само за кратко време, под услов тие да не ги занемаруваат нашите обврски.

5

Секогаш ги чуваме во доверливост нашите кориснички имиња и лозинки. Не дозволуваме на никого да влезе во системот користејќи ја нашата лична лозинка.

Не користиме несоодветно компјутерски системи, интернет и корпоративна е-пошта. Внимателно ги користиме овие средства и не ја преземаме, копираме или споделуваме следната содржина на електронски начин:

• Никогаш не праќаме е-пошта која содржи коментари кои се навредливи, дискриминаторски, вознемирувачки, погрдни, непристојни или заканувачки, вклучувајќи, но без ограничување, давање изјави кои се во спротивност со политиката на компанијата, со кои се забранува навредување врз основа на раса, боја, религија, пол, возраст, национална припадност или потекло, или политички ставови.

• Не посетуваме сексуално експлицитни, или веб-страници за коцкање, или веб-страници кои се залагаат за нелегални активности.

• Не користиме статии, уметнички дела, филмови, фотографии, музика, презентации, податоци, софтвер и така натаму, заштитени со авторски права, на начин што ќе го прекрши законот.

• Не споделуваме верижни пораки, ниту спам содржини.

• Не споделуваме информации кои можат да им наштетат на производите на нашата компанија, а кои претставуваат лични ставови на корисник во нашата компанија, поддржува било кое трговско друштво или претпријатие, го навредува името, производот или услугите на било која друга компанија.

• Не изнесуваме информации поврзани со компанијата, ниту коментираме во виртуелни простори за разговор, огласни табли, блогови, групи, итн... без одобрение од претпоставениот менаџер.

7

Не споделуваме доверливи информации во врска со компанијата, а кои ги знаеме поради соработката со нашите колеги и трети лица, вклучувајќи ги и членовите на нашите семејства.

8

Се грижиме доверливите информации за нашата компанија да не се дискутираат или изнесуваат на јавни места.

9

Ги враќаме сите печатени и електронски документи заедно со нивните копии на нашиот менаџер, доколку ја напуштаме компанијата. Не даваме никакви изјави кои можат да го уништат угледот на нашата компанија.

# Г. ОДНОСИ ВО РАМКИТЕ НА РАБОТНОТО МЕСТО

## Нашите работни односи се базираат на љубов, почит, искреност и доверба.

**1**

Сакаме да придонесеме за воспоставување и одржување на искрена (пријатна) и почитувана работна средина.

**2**

Веруваме дека успехот е можен само преку тимска работа. Работиме во средина на соработка и солидарност.

**3**

Обезбедуваме работна атмосфера која е ослободена од заплашување, непријателство или други навреди кои можат да попречат во ефикасноста на работата.

**4**

Работиме и се придржуваме кон правилата, процедурите и инструкциите за здравје и безбедност при работа. Се грижиме нашите постапки да не создадат никакви здравствени и безбедносни проблеми за нас или за другите.

**5**

Ја преземаме одговорноста да провериме дали нашето или однесувањето на колегите е во согласност со Кодексот на етичкото однесување.

6

Не користиме, ниту сме под влијание на алкохол или дрога во било кое работно време. Не пушиме цигари, освен во означените простории.

7

Го почитуваме приватниот живот и личниот простор на нашите колеги.

8

Ја почитуваме доверливоста на личните податоци на нашите колеги.

9

Ги почитуваме личните разлики на нашите соработници, како што се пол, возраст, раса, национално потекло, религија, политички ставови.

10

Избегнуваме секакви дејствија кои би можеле да го уништат достоинството на нашите колеги. Не вознемируваме никого вербално, физички, сексуално и/или емотивно.

11

Не откриваме никакви информации во врска со нашиот приход и придонеси на колегите. Не се обидуваме да добиеме такви информации во врска со било кое друго лице.

# Д. НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ

## Ние воспоставуваме пристојни, искрени и доверливи односи со луѓето и институциите со кои соработуваме.

### Нашите клиенти

1

Превземаме лична одговорност да ја исполниме мисијата на Sütaş и ветувањето за "Природен Вкус".

2

Работиме како претставници на брендот Sütaş во нашите лични односи и ги заштитуваме правата на нашата компанија.

3

Не даваме никакви изјави на нашите клиенти, кои може да бидат во форма на клевета за конкурентските компании.

4

На нашите клиенти им даваме точни и вистинити информации. Го посочуваме Контакт центарот на Sütaş како референтна точка, доколку немаме соодветна информација.

5

Бараме овластување од нашите клиенти доколку сакаме да воспоставиме контакт – вклучувајќи мобилен телефон и интернет – или да извршиме истражување.

# Добавувачи и клиенти

6

Развиваме и одржуваме чесни, фер и пристојни односи со нашите добавувачи.

7

Користиме фер, систематски и професионални методи за да ги избереме нашите добавувачи.

8

Навремено ги исполнуваме обврските за нашите добавувачи и клиенти.

9

Не се вклучуваме во активности кои би можеле да предизвикаат нелојална конкуренција помеѓу добавувачите и клиентите.

10

Не ги откриваме одредбите од договорите потпишани со нашите добавувачи и клиенти на трети лица.

11

Не работиме со добавувачи и клиенти без писмено одобрување, протокол или договор.

12

Во ситуации каде се бара споделување на доверливи информации за компанијата, потпишуваме договор за доверливост со нашите добавувачи и клиенти.

12

Ја признаваме важноста на доверливоста, и се грижиме доверливите информации кои ги добиваме од нашите добавувачи и клиенти да не ги откриваме на неовластени лица или компании.

13

Не даваме никакви изјави кои би можеле да го нарушат угледот на нашата компанија и колеги во нашата комуникација со добавувачите и клиентите.

## Јавни институции и невладини организации

14

Не го презентираме нашето лично мислење во бизнис релациите со јавните институции, невладини организации или политички партии; се држиме на исто растојание од сите странки.

15

Ја добиваме поддршката од претпоставениот менаџер за информации во врска со законодавството и правилата кои треба да ги почитуваме во односите со јавните институции.

16

Обезбедуваме точни информации за официјалните власти во текот на истрага или по барање.

# Конкуренција

18

Го знаеме Законот за Конкуренција и според тоа ги управуваме односите со конкурентите.

19

Пред да се вклучиме во средби со конкурентски компании како дел од нашите задачи, го известуваме претпоставениот менаџер.

20

Не даваме никакви изјави кои би можеле да го уништат угледот на нашите конкуренти, во било кој медиум, вклучувајќи ги и социјалните мрежи.

21

Никогаш не се вклучуваме во нефер методи на конкуренција или измамнички дела или практики.

# Кодекс на етички процедури

Кодексот на етички процедури важи за сите вработени, вклучувајќи ги и членовите на Управниот Одбор и Извршниот Одбор.

- Сите вработени се обврзани да го прочитаат Кодексот за етичко однесување и да се согласат дека ќе се придржуваат и ќе дејствуваат според неговите одредби. Доколку не се пријави прекршување на кодексот, истото ќе се смета како повреда на Кодексот на етичко однесување.

- Вработените кои имаат дополнителни прашања во врска со Кодексот на етичко однесување, треба да се обратат кај нивниот претпоставен менаџер или кај Одборот за етика.

- Одговорноста за спроведување на Кодексот припаѓа на Одборот за етика, со надзор од страна на Претседателот на Управниот Одбор.

- Комисијата за етика го сочинуваат директорот за ревизија и двајца членови на Одборот на директори на Sütaş.

# Пријава

Може да поставите било какво прашање или да покренете загриженост во врска со било кое однесување или коментар на било кој од следниве начини:

Ве молиме пополнете го формуларот на www.sutasetika.com достапен само за члeновите на Одборот за етика или испратете писмо на следната адреса: P.K. 68, 16159 Organize San. P.T.T. BURSA.

Ако сте во можност ве молиме пополнете го формуларот на Англиски јазик. Ако не сте во можност пријавата да ја напишете на Англиски јазик, вашата пријава ке биде разгледана со помош на преведувач. Комисијата за етика на Sütaş гарантира дека ќе ја задржи доверливоста на сите прашања и коментари, како и идентитетот на оние кои ја контактираат Комисијата. Одговорот за сите коментари се добива во најбрз можен рок, и се спроведува бараната акција.

sütaş

sütaş